Врз основа на чл.19 ал.1 (или чл.27 ал.7 и 8) од Статутот на Здружението на јавните обвинители во Република Македонија, Собранието на Здружението на јавните обвинители во Република Македонија на 24.02.2017 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАНИЈАТА НА И ИЗДАВАЧКИОТ ФОНД НА ЗЈОРМ

**Член 1**

Со овој правилник се регулира издавањето и дистрибуцијата на информативно гласило на ЗЈОРМ, стручни ревии и публикации и други видови печатени изданија од интерес за јавно-обвинителската функција и кои служат за потребите на ЗЈОРМ(во нат.текст "изданија").

**Член 2**

Со овој правилник посебно се уредува:
- видот на изданијата кои се објавуваат;
- видовите на содржините и прилозите кои се објавуваат во изданијата;
- целите на издавањето;
- начинот и формата на објавување на изданијата;
- начинот на финансирање на изданијата кои се издаваат;
- други прашања кои се од интерес за објавување на изданијата.

**Член 3**

ЗЈОРМ издава само изданија кои служат за потребите на ЗЈОРМ, кои произлегуваат од работата и се поврзани со работата на јавното обвинителство и кои придонесуваат за подобрување и осовременување на јавнообвинителската функција, положба, углед и работење.

**Член 4**

(1) Во изданијата кои ги објавува ЗЈОРМ може да се објавуваат само содржини, текстови, ставови, мислења кои се однесуваат и се поврзани со остварување на целите и задачите на ЗЈОРМ наведени во Статутот на ЗЈОРМ.

(2) Во изданијата кои ги објавува ЗЈОРМ се забранува било каква содржина , текст, став, мислење или слично, кое има политичка содржина, или изразува политички став на политичка партија, организација, правно или физичко лице.

**Член 5**

Основни цели на изданијата на ЗЈОРМ се овозможување на членовите на ЗЈОРМ, други правни и физички лица и сродни здруженија на граѓани и странски организации, да објавуваат содржини, текстови, ставови, мислења кои се однесуваат и се поврзани со:

- остварување на целите и задачите на ЗЈОРМ наведени во Статутот на ЗЈОРМ;

- подигнување на угледот на ЗЈОРМ и јавнообвинителската функција;
- овозможување на презентација на научно истражувачки и стручни трудови од правната, а особено од кривичноправната област;
- овозможување на следење на актуелни состојби во врска со работењето и активностите на ЗЈОРМ,
- предлози за потреба од донесување на нови и измени и дополнување на постојните закони од кривичноправната област,
- информирање за избор на јавни обвинители и сл. во јавното обвинителство.
- објавување на задолжителни упатства и постапувања
- друго

**Член 5**

Изданијата кои ги објавува ЗЈОРМ можат да бидат постојани или повремени изданија.

**Член 6**

Постојано издание на ЗЈОРМ е “Обвинителски глас“ како внатрешно информативно гласило на ЗЈОРМ, кое служи за потребите и целите на дејствување на ЗЈОРМ и не е наменето за продажба и остварување на профит.

**Член 7**

Повремените изданија кои ги објавува ЗЈОРМ можат да бидат во форма на:
- монографија;
- приказ на трудови за чие објавување постои интерес;
- пригодни изданија;
- публикации, билтени, годишници и сл. изданија од областа на научниот и стручниот труд кои се релевантни за јавнообвинителската функција.

**Член 8**

(1) Сите изданија ЗЈОРМ може да ги издава самостојно или во соработка со други домашни или странски правни и физички лица.

(2) Во случаите од ст.1 на овој член, меѓусебните односи на учесниците во објавувањето на публикациите се уредуваат со договор.

**Член 10**

(1) Изданијата кои ги издава ЗЈОРМ се објавуваат во хартиена или електронска форма (ЦД, ДВД, веб страна на ЗЈОРМ) на македонски јазик со кирилично писмо.

(2) Публикациите можат да бидат објавувани и на друг јазик и печатени со соодветно писмо.

(3) Текстот се пишува со системска кирилична азбука Times New Roman (font) со големина на буквите 12 (font size), без прпред, со вовлечена прва линиуја на пасусот и со изрaмнување на текстот од двете страни (Alignment justify). Цитирањето на користената литература се врши во согласност со чикашкиот систем, односно системот на фусноти.

**Член 9**

(1) Техничко административните работи во врска со објавувањето на изданијата ги извршува Комисијата за издавачка дејност формирана при ЗЈОРМ.

(2) Комисијата за издавачка дејност има 5 члена кои ги именува Извршниот одбор на ЗЈОРМ.

(3) Членовите на Комисијата за издавачка дејност од своите редови избираат претседател кој раководи со работата на Комисијата, ги подготвува и води нејзините состаноци, подготвува материјал за состанок, води записник и ги обавува техничките работи околу извршувањето на одлуките на Комисијата.

**Член 10**

Задача и цел на Комисијата за издавачка дејност е да го организира, спроведе и унапреди објавувањето на изданијата на ЗЈОРМ преку:

- разгледување на поднесените предлози за објавување,
- класифицирање на материјалите за објавување во изданијата на ЗЈОРМ и нивна проценка дали одговараат на целите на издавањето;
- одредување на тиражот на изданијата согласно финансиските можности за објавување на изданијата;
- изработка на план за објавување на изданијата за наредната година;
- разгледување на финансиските можности и изработување на финансиски план за објавување на изданијата ;
- поднесување извештај за својата работа на Извршниот одбор на ЗЈОРМ;
- донесување други одлуки и препораки за дејноста за која е формирана;

**Член 11**

(1) Одлука за избор на содржините кои ќе бидат печатени во изданијата донесува Извршниот одбор на ЗЈОРМ по писмен предлог на Комисијата за издавачка дејност на ЗЈОРМ, кој се става на гласање согласно Деловникот за работа.

(2) Предлогот од ст.1 на овој член содржи :

- содржини кои би биле печатени,
- цена на чинење на печатењето, и изворот на финансирање на печатењето - објавувањето на изданието.
- име и презиме на авторот на содржината за објавување, неговото занимање и звање,
- наслов на содржината;
- образложение на потребата за објавувањето;
- обем на содржината;
- известување за начинот на финансирање и расположивите средства за печатење;
- изглед, број на страни и тираж на изданието.

**Член 12**

Приоритет за печатење имаат содржини кои се однесуваат на актуелни теми поврзани со целите, задачите и работењето на ЗЈОРМ и содржини кои не биле објавувани во изданија на други издавачи.

**Член 13**

(1) Текстовите, ставовите, мислењата и  други содржини, се објавуваат во изданијата на ЗЈОРМ доброволно, со согласност на авторот на содржината и во согласност со одредбите од Законот за авторското право и  други сродни права.

(2) Авторите ги имаат сите права кои им припаѓаат по закон.

(3) Во случај на исплата на авторските хонорари, истите се исплаќаат согласно важечките прописи и  врз основа на договор за авторско дело, кој во име на ЗЈОРМ го потпишува претседателот на ЗЈОРМ.

(4) Хонорарот се исплаќа во висина од по петстотини денари за пишана страница, со целосен текст, без слика и табела.

**Член 14**

(1) За обезбедување на средства за објавување и  печатење на изданијата на ЗЈОРМ се формира Издавачки фонд.

(2) Во Издавачкиот фонд се издвојуваат средства остварени од  приходите за финансирање на ЗЈОРМ согласно статутот на ЗЈОРМ (приходи од членарина и донации) и преку здружување со други издавачи.

**Член 15**

(1) Средствата за објавување и  печатење на изданијата на ЗЈОРМ се користат за:

- трошоци за печатење;
- трошоци за технички услуги во врска со издавањето;
- авторски хонорари;
- други трошоци поврзани со издавањето.

(2) Исплатата на трошоците од ст.1 на овој член се регулираат со договор.

**Член 16**

Печатените изданија кои ги објавува ЗЈОРМ, се дистрибуираат во доволен број примероци за членовите на ЗЈОРМ.

**Член 17**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување од Собранието на ЗЈОРМ и се објавува на Веб страната на ЗЈОРМ.